**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20.01.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 473 | 1 | |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН РЕДОВЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

## ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:

Редовниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 3 и член 28 став 1, 2 и 3, **а во врска со член 64 став 2, член 141 и член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14)** како и во согласност со Методологијата за вршење на програмски надзор донесена од страна на Агенцијата, е спроведен врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во Радовиш, **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш** на ден 16.01.2015 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во соработка со Кординативното тело при Влада на Република Македонија, Агенцијата за електронски комуникации, Државен пазарен инспекторат, Управа за јавни приходи и Министерството за внатрешни работи.

## ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:

Редовниот програмски надзор е спроведен на следниве околности: кои програмски сервиси ги реемитува операторот, дали реемитува програмски сервиси за кои немаат потврда издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дали реемитува програмски сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско емитување, како и дали доколку реемитува програмски сервиси што се титлуваат на јазик различен од оригиналниот на тие сервиси има титлови на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните на Република Македонија.

## КОНСТАТАЦИИ:

При извршениот редовен програмски надзор врз операторот, **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш** на ден 16.01.2015 година, констатирано е дека овој оператор на подрачјето на Радовиш, во рамките на дигиталниот пакет, реемитува вкупно 36 програмски сервиси, од кои 12 програмски сервиси не се опфатени со потврдите за регистрација на пакет програмски сервиси бр.1 од 17.03.2014 и бр.2 од 30.05.2014 година, издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, и тоа: Канал 5, ТВ Кобра, Телеканал А1, Posavina TV, Docubox HD, Fest and Funbox HD, Fightbox HD, Erox HD, Eroxxx HD, Filmbox Arthouse, 360 Tunebox и Fashionbox HD.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**ОПИС НА ПРЕКРШУВАЊЕТО:**

Операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш**, на ден 16.01.2015 година во 12:00 часот, за своите претплатници, во рамките на дигиталниот пакет, ги реемитуваше следните телевизиски програмски сервиси за кои не е издадена потврда за нивно реемитување од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги: Канал 5, ТВ Кобра, Телеканал А1, Posavina TV, Docubox HD, Fest and Funbox HD, Fightbox HD, Erox HD, Eroxxx HD, Filmbox Arthouse, 360 Tunebox и Fashionbox HD, со што постапи спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија"бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14).

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

1. На **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш**, согласно член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), да му се издаде решение со кое ќе му се наложи веднаш да го исклучи реемитувањето на следните програмски сервиси: Канал 5, ТВ Кобра, Телеканал А1, Posavina TV, Docubox HD, Fest and Funbox HD, Fightbox HD, Erox HD, Eroxxx HD, Filmbox Arthouse, 360 Tunebox и Fashionbox HD.

2. По издавањето на решение со кое ќе се наложи исклучување на програмските сервиси да се направи контролен надзор врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш**, со цел да се утврди дали истиот постапил по таквото решение упатено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во спротивно Агенцијата да поведе прекршочна постапка против овој оператор.

   Контролниот надзор да се изврши по доставена повратница од Македонска пошта дека решението е уредно примено од страна на операторот **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш.**

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

**Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права**